Бр./Nr 12-1595/6
30-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-та седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-1595/1 од 27.03.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости при назначување на ВД Директор и вработување на воспитувач без лиценца за таа намена во Јавната установа детска градинка -------------- -.------------ општина --------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за предметните наводи и пријавените дејствија постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-1595/1 од 27.03.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 27.03.2026 година, доставена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за неправилности при назначување на ВД Директор во Јавната установа детска градинка ------------ -.------------ општина -------------. Исто така изнесени и сомневања за неправилности при вработување во предметната установа на воспитувач без лиценца за таа намена кое било реализирано во 2025 година.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара Државниот инспекторат за труд да изврши надзор над наведените предметни наводи и за исходот да ја извести Државната комисија со достава на прилог документација.
По барањето, до ДКСК доставен е одговор со прилог документација и од увидот во истите констатирано е следното:

Државниот инспекторат за труд на РСМ постапил по однос на пристигната пријава со наводи дека во Јавната установа детска градинка ----------- -.---------------- општина ------------ било вработено лице кое не поседува лиценца за воспитувач и истата била заведена по архивски број ИП1 бр. -- - -- од --.--.------- година. Од страна на овластен инспектор за труд било констатирано дека истиот нема надлежност и овластување да постапува по наводи што се однесуваат на Законите и другите прописи во областа на социјалната заштита и заштитата на децата, па оттаму предметната пријава била проследена до Министерството за социјална политика демографија и млади на нивна надлежност.
Министерството за социјална политика демографија и млади-Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита на децата, Одделение за инспекциски надзор на дејноста заштита на децата, по барање на ДКСК извести дека инспектор за детска заштита на ден 06.02.2026 година спровел инспекциски надзор над предметната установа по што бил составен запсиник при што констатирано е дека не се потврдуваат наводите од предметната пријава од причина што во установата не постоело лице кое дава услуга на неговател односно воспитувач спротивно на закон. Дополнително се известува и дека не се основани пријавените наводи кои се однесуваат на неправилности при назначување на ВД Директор на предметната установа.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметните наводи и пријавените дејствија постапил друг надлежен орган кој не констатирал повреда на закон во предметната постапка, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Доставено до:
- Подносителот на пријавата